Согласно со член 3 од Законот за заштита од пушење („Службен весник на Р. Македонија“ бр. 36/95, 70/03, 29/04, 37/05, 79/07, 103/08, 140/08, 35/10, 100/11, 157/13 и 51/18) и со член 27 став 1 точка 6 од Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа, Одборот на Универзитетот на состанокот одржан на 9.9.2019 година го усвои следниов:

# Правилник за заштита на универзитетскиот простор од пушење, алкохолни и наркотични супстанци

## I. Предмет на уредување

**Член 1**

Пушењето е забрането во која и да било универзитетска зграда и во секое време. Прекршувањата на оваа одредба (пушењето) ќе бидат пријавени во Канцеларијата за човечки ресурси од службата за обезбедување, кои ќе преземат дисциплински мерки и ќе ги известат државните органи. Пушењето е дозволено само во областите за пушење што се наоѓаат надвор од која и да која зграда каде што не постои безбедносен ризик.

**Член 2**

Алкохолот не е дозволен во просториите на Кампусот, освен на специјални настани организирани од Ректоратот и со овластување од генералниот секретар.

**Член 3**

(1) Универзитетот забранува продажба, дистрибуција, поседување или употреба на наркотични супстанции или други недозволени супстанции во кампусите на Универзитетот и во текот на сите негови активности.

(2) Универзитетскиот кадар и студентите кои продаваат, дистрибуираат, консумираат или се под дејство на алкохол или наркотични супстанции се третираат во согласност со Правилникот за дисциплински мерки. Се очекува посетителите да се однесуваат во согласност со овој Правилник.

**Член 4**

Универзитетската служба за обезбедување го спроведува овој Правилник.

## II. Завршни одредби

**Член 5**

Овој Правилник влегува во сила на 01.10.2019 година.